Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 02-1442/4
02.09.2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 50, став 1, алинеја 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр . 5/2002, 84/2020 и 202/2024) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров", бр. 8/23), а во врска со Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата поддршка на невладиниот сектор за 2026 година, бр. 02-2902/19 од 24.12.2025 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров", бр. 18/2025) и Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2026 година, бр. 02-1387/10 од 27.08.2026 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров", бр. 2/2026), како и во врска со Одлуката за објавување на јавен оглас за доделување на финансиски средства за реализација на активностите предвидени со годишната Програма за култура за 2026 година, бр. 02-1387/18 од 27.08.2026 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров", бр. 2/2026), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС
# бр. 02-1442/4 од 02.09.2026 година

## 1. Предмет на Јавниот оглас

Општина Ѓорче Петров објавува Јавен оглас за доделување финансиски средства за реализација на активностите планирани во годишната Програма за активности на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2026 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров", бр. 18/2025), а во врска со Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2026 година, бр. 02-1387/10 од 27.08.2026 година ( „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 2/2026), во натамошниот текст Програма за култура.

## 2. Право на учество на Јавниот оглас

На јавниот оглас можат да учествуваат здруженија од областа на културата, автори, уметници и други правни и физички лица кои се регистрирани за активности од областа на културата со седиште, односно живеалиште во Општина Ѓорче Петров.

На јавниот оглас можат да учествуваат и здруженија на граѓани, автори уметници и други правни и физички лица чие што седиште, живеалиште не се наоѓа на подрачјето на Општина Ѓорче Петров ако реализацијата на културната активност се реализира на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

## 3. Активности за кои се објавува јавниот оглас

**3.1. Манифестација „Од Бистра преку Дервен до Ханриево" 2026 со вкупен износ од <u>140.000 денари</u>:**

<u>Опис:</u>

Во рамките на оваа активност се подразбира комплетна техничка и логистичка опрема и организација, и тоа за играорци од поканетите:

- комплетна организација и ангажирање на културно-уметнички друштва/учесници (фолклорни ансамбли и вокално–инструментални изведувачи); и
- едукативни катчиња каде што ќе бидат презентирани: народни носии од дадените етнички предели, изработка на фолклорен накит, техники за изработување на материјал за облековните елементи во минатото.

*<u>Забелешка</u>: Со пријавата во документацијата потребно е да се поднесе и предлог културно-уметничка програма со наведени имиња на изведувачи или групи кои ќе настапуваат.

<u>Цел:</u>

-афирмирање и промовирање на македонскиот фолклор и традиција;

-негување на културните и историските традиции, фолклорот и етнологијата на населението од општината и пошироко, како и промовирање на македонскиот фолклор и традиција;

-поттикнување на почит кон традиционалните културни вредности и културното наследство;

- популаризација и промоција на културното и историското наследство во општината Ѓорче Петров;

-користење на културното наследство како ресурс за развој на туризмот во општината; и

-издигнување на свеста за значењето на локалната историја и зачувување на културното наследство за идните генерации.

**3.1.1. Период на реализација**

Период на реализација е утврден за во текот на септември , 2026 година.

**3.1.2. Критериумите и Бодовната листа за рангирање на кандидатите кои се пријавиле на овој Јавен оглас за добивање финансиски средства за реализација на манифестацијата „Од Бистра преку Дервен до Ханриево, 2026",** се утврдени на следниот начин:

| КРИТЕРИУМИ И БОДОВНА ЛИСТА за Манифестација „Од Бистра преку Дервен до Ханриево" 2026 | бодови |
|---|---|
| **1. Искуство и ресурси на организацијата/здружението/апликантот** | **40** |
| 1.1. Искуство на апликантот во спроведување и реализирање на проекти и активности од областа на културата<br>- до 3 години искуство (3 бода )<br>- од 4 -9 год искуство (6 бода)<br>- повеќе од 10 години искуство (10 бода) | 10 |

| | |
|---|---|
| 1.2. Бројност на лицата кои учествуваат во спроведување на проектот и активноста<br>- 1-5 лица (3 бода)<br>- 6-10 лица (5 бода)<br>- аматерско и младинско делување од областа на културата само за жители на Општина Ѓорче Петров (2 бода) | 10 |
| 1.3. Стручност и видливост на организацијата/апликантот<br>- стручност: дипломи, сертификати,признанија и награди, 4 бода<br>- видливост : листа со референци (препораки, признанија и награди и сл., 4 бода<br>- online, 2 бода | 10 |
| 1.4. Учество на апликантот на општинско, градско и меѓународно ниво:<br>- на општинско ниво, 3 бода<br>- на градско ниво, 6 бода<br>- на меѓународно ниво, 10 бода | 10 |
| **2. Квалитет на програмата/проектот:** | **25** |
| 2.1. Презентација, популаризација и промоција на културното и историско наследство во Општина Ѓорче Петров ( во прилог да се приложат документи, слики и сл. од претходно реализирани настани) | 5 |
| 2.2. Понудени квалитетни и иновативни решенија за реализирање на проектните цели поврзани со јавниот повик и времетраење (еднодневен, повеќедневен, повеќемесечен, целогодишен) | 10 |
| 2.3. Обезбедена институционална поддршка (покана од/на фестивали, писмо за поддршка од друга културна установа или надлежен орган, препорака и сл. | 10 |
| Вкупно | *65 |

**Максималниот број на поени кој кандидатот може да го добие е **65 бода***

### 3.2. Фестивал на отворено со вкупен износ од 300.000,00 денари

Опис:

Во рамките на оваа организацијата на фестивал на отворено се подразбира:
- комплетна техничка и логистичка опрема и организација; и
- комплетна организација со програма и ангажирање на бендови, пејачи, учесници и сл.

Забелешка: Општината поддржува проекти од краткорочен и од долгорочен карактер во тековната календарска година.

Цел:

Издигнување на културната свест , дружење со граѓаните, афирмација на општината поттик и шанса особено преку финансиска поддршка на младите уметници, талентираните граѓани и културните работници активно да се вклучат во културните настани.

*Забелешка: Со пријавата во документацијата потребно е да се поднесе и предлог културно-уметничка програма со наведени имиња на изведувачи или групи кои ќе настапуваат.

### 3.2.1. Период на реализација

Периодот на реализација е утврден за во текот на септември, 2026 година.

**3.2.2. Критериумите и Бодовната листа за рангирање на кандидатите кои се пријавиле на овој Јавен оглас за добивање финансиски средства за реализација на фестивалот на отворено,** се утврдени на следниот начин:

| КРИТЕРИУМИ И БОДОВНА ЛИСТА за Фестивал на отворено | Бодови |
|---|---|
| **1. Искуство и ресурси на организацијата/здружението/апликантот** | **40** |
| 1.1. Искуство на апликантот во спроведување и реализирање на проекти и активности од областа на културата<br>- до 3 години искуство, 3 бода<br>- од 4 -9 год искуство, 6 бода<br>- повеќе од 10 години искуство, 10 бода | 10 |
| 1.2. Бројност на лицата кои учествуваат во спроведување на проектот и активноста<br>- 1-5 лица, 3 бода<br>- 6-10 лица, 5 бода<br>- аматерско и младинско делување од областа на културата само за жители на Општина Ѓорче Петров, 2 бода | 10 |
| 1.3. Стручност и видливост на организацијата/апликантот<br>- стручност: дипломи, сертификати,признанија и награди, 4 бода<br>- видливост: листа со референци (препораки, признанија и награди и сл., 4 бода<br>- online, 2 бода | 10 |
| 1.4. Учество на апликантот на општинско, градско и меѓународно ниво:<br>- на општинско ниво (3 бода )<br>- на градско ниво (6 бода)<br>- на меѓународно ниво (10 бода) | 10 |
| 2. Квалитет на програмата/проектот: | 25 |
| 2.1. Понудени квалитетни и иновативни решенија за реализирање на проектните цели поврзани со јавниот повик и времетраење (еднодневен, повеќедневен, повеќемесечен, целогодишен) | 15 |
| 2.2. Обезбедена институционална поддршка (покана од/на фестивали, писмо за поддршка од друга културна установа или надлежен орган, препорака и сл. | 10 |
| Вкупно | *65 |

**Максималниот број на поени кој кандидатот може да го добие е **65 бода***

## 4. Задолжителни документи за пријава на огласот

### 4.1. Задолжителни документи како прилог кон пријавата

### 4.1.1. Кандидати – физички лица

Кандидатите кои се пријавуваат на овој Јавен оглас во својство на физички лица, потребно е кон уредно пополнетата пријава со точни податоци (ПРИЛОГ 1 на овој Јавен оглас), должни се да ги приложат и следните документи:

-копија од лична карта и трансакциска сметка;

-потврда за отворена и активна жиро сметка

-биографија на кандидатите (автори, уметници и други физички лица) со наведени претходно реализирани активности/проекти и постигнати успеси, поткрепени со документи, фотографии, сертификати и слично;

-континуитет во негување и афирмација на македонското културно творештво од областа на музиката, литературата и уметноста;

-детално разработена програма за реализација на активноста;

-акциски план со динамика на реализација на активностите во рамките на програмата/проектот;

-учество и придонес за афирмација на Општина Ѓорче Петров преку реализирани активности/проекти од минатото, доколку имало такви;

-детално разработен финансиски план и финансиска конструкција за потребните средства за реализација на барањето според пријавата (сопствен удел во вкупно потребните финансиски средства, број на ангажирани лица, опис на трошоците, по позиции и сл.)

**4.1.2. Кандидати – правни лица**

Кандидатите кои се пријавуваат на овој Јавен оглас во својство на физички лица, потребно е кон уредно пополнетата пријава со точни податоци (ПРИЛОГ 1 на овој Јавен оглас), должни се да ги приложат и следните документи:

-потврда за регистрирана дејност (ДРД) од Трговскиот регистар и Регистар на други правни лица издаден од Централен регистар на Република Македонија (не постара од 6 месеци);

- тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија (не постара од 6 месеци);

-потврда за отворена и активна жиро сметка;

-биографија на кандидатот (краток историјат на здружението, друштвото и друг облик на правно лице, претходно реализирани активности/проекти и постигнати успеси и резултати, поткрепено со документи, фотографии, сертификати и сл.);

-Програма за работа/ Планирани активности за 2026 година;

-континуитет во негување и афирмација на македонското културно творештво од областа на музиката, литературата и уметноста;

-акциски план со динамика на реализација на активностите во рамките на програмата/проектот;

-афирмација на Општина Ѓорче Петров преку активности/проекти од минатото;

-детално разработен финансиски план и финансиска конструкција за потребните средства за реализација на барањето според пријавата (сопствен удел во вкупно потребните финансиски средства, број на ангажирани лица, опис на трошоците, по позиции и сл.)

## 4.2. Укажување и забелешки за сите кандидати пријавени на овој Јавен оглас

**4.2.1. Укажување:**

- Рачно напишани пријави нема да бидат прифатени!

- Кандидатите се должни, за пријавување на овој Јавен оглас, да ги пополнат утврдените обрасци што се достапни на веб-страната на Општина Ѓорче Петров: https://opstinagpetrov.gov.mk

- Обрасците да бидат пополнети на компјутер со точни податоци и испечатени.

- Неуредно пополнетите пријави и пријавите кон коишто не е приложена комплетната документација, ќе бидат бодирани со „0“ (нула бодови.)

4.2.2. Забелешки:

Апликантите кои учествувале на претходни јавни огласи од областа на културата објавени од Општина Ѓорче Петров, тоа треба да го наведат во пријавата и да доставaт копија од финансискиот извештај за реализирани средства.

Апликантите на кои ќе им бидат одобрени финансиски средства за реализирање на активности поврзани со изведување на авторски дела, **должни се своите изведби да ги пријават во надлежното здружение и да го платат предвидениот надоместок за изведените авторски дела.**

## 5. Рок и начин на пријавување

Пријавите треба да се доставаат на утврдениот образец (Прилог 1) до Општина Ѓорче Петров по пошта со препорачана пратка на адреса: Општина Ѓорче Петров, ул. Ѓорче Петров бр. 22, Скопје, или да се доставаат во архивата на Општина Ѓорче Петров од 08.00 часот до 15.00 часот заклучно со последниот ден од Јавниот оглас.

Напомена: Пријавите напишани РАЧНО, со НЕПОТПОЛНИ податоци и НЕЦЕЛОСНА документација, пријави пополнети НА НЕСООДВЕТЕН ОБРАЗЕЦ, како и оние што НЕМА да бидат доставени во наведениот рок, ЌЕ БИДАТ БОДИРАНИ СО „0“ БОДОВИ..

Пријавата за Јавен оглас (Прилог 1) и Финансискиот извештај за реализација на проектот (Прилог 2) што се доставува после реализацијата на проектот или активностите, се изготвуваат и се доставуваат на утврдените обрасци што се во прилог на овој Јавен оглас.

На пликот во којшто се доставува пријавата со потребната документација се става ознака **„не отварај“** и се адресира до Комисијата за доделување на буџетски средства од програмата за култура за 2026 година.

Пликот НЕ СМЕЕ да содржи никаква ознака што би можела да го идентификува подносителот.

**Рокот** за поднесување на пријавите изнесува 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот и трае заклучно со 07.09.2026 година.

Одлуката за извршениот избор на кандидатите кои се пријавиле на овој Јавен оглас, ќе биде објавена на веб-страната на Општина Ѓорче Петров, во рок не подолг од 30 (триесет) дена од завршување на огласот.

Против одлуката за извршениот избор, незадоволниот кандидат може да поднесе писмен приговор во рок од 5 (пет) дена по објавувањето на одлуката за извршениот избор. Приговорот се поднесува до Комисијата, а по истиот одлучува

градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, во рок од пет дена од приемот на писмениот приговор.

Одлуката на градоначалникот на Општина Ѓорче Петров е конечна.

По конечноста на Одлуката, Општина Ѓорче Петров и избраните корисници склучуваат Договор за уредување на меѓусебните права, обврски и одговорности. Договорот во име на Општина Ѓорче Петров го склучува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

По склучување на договорот се исплаќа половина од одобрените финансиски средства, а остатокот од одобрените финансиски средства се исплаќа откако ќе се достави финансискиот извештај за реализација на проектот кој се поднесува по целосна реализација на проектот/активностите (Прилог 2) .

## 7. Извештај за добиените средства

Корисниците на финансиски средства после реализација на активностите се должни **најдоцна до 01.12.2026** се должни да го доставаат Финансискиот извештај за реализација на проектот (Прилог 2- даден во прилог на јавниот повик). **Во спротивно, вториот дел од средствата нема да им биде исплатен**.

Финансискиот извештај по реализација на проектот се доставува до градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

Општина Ѓорче Петров,
градоначалник
Александар Стојкоски